МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 62 став 9 од Законот за рибарство и аквакултура (“Службен весник на Република Македонија“ бр. Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОДГЛЕДУВАЧИ НА РИБИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ, КАКО И ПОТРЕБНИТЕ ДОКАЗИ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ

**Член 1**

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на одгледувачи на риби, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот, како и потребните докази за исполнување на условите за запишување во регистарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/16) во ченот 2 ставот 2 се менува и гласи:

“Првата страна на книгата содржи: грб на Република Северна Македонија, Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Регистар на одгледувачи на риби.”

**Член 2**

Во ченот 5 во алинејата 1 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 3**

Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 33-9226/4
8 октомври 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.

**Прилог 1**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# РЕГИСТАР
# НА ОДГЛЕДУВАЧИ НА РИБИ

| **Реден број архивски број и датум на издавање на решението за запишување во регистарот на одгледувачи на риби** | **Податоци за физичкото или правното лице** | **Податоци за објектот за аквакултура** |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** |
| ____________ (реден број)<br><br>____________ (архивски број на решение)<br><br>____________ (датум на издавање на решение) | ____________________ (име и презиме на физичкото или назив на правното лице)<br><br>____________________ (адреса на физичкото или седиште на правното лице)<br><br>____________________ (ЕМБГ/ЕМБС)<br><br>____________________ (ЕДБ) | ____________________ (име на вода)<br><br>____________________ (локација на рибникот)<br><br>____________________ (вкупна површина на рибникот во $м^2$)<br><br>____________________ (површина на рибникот под вода во м2 или волумен на кафезот во м3)<br><br>____________________ (инсталиран капацитет на рибникот во килограми)<br><br>____________________ (видови риби кои се одгледуваат) |

| **Причина за промена во рибникот со број и датум на издавање на решение** | **Причина за бришење од регистарот со број и датум на издавање на решение** |
|---|---|
| **4** | **5** |
| Причина за промена во рибникот<br>____________________<br><br>Број на решение ____________<br>Датум на издавање ____________ | Причина за бришење од регистарот<br>____________________<br><br>Број на решение ____________<br>Датум на издавање ____________ |